Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 ноември 2022 година**

**Скопје, ноември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 15 ноември 2022 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, доц. д-р Владимир Рендевски, заменик на министерот за здравство, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура и м-р Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Фахрудин Хамиди, претседател на Управен одбор и извршен директор во Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, Владко Крстевски, член на Управен одбор и извршен директор во Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје и Миѓен Салмани, член на Управен одбор и извршен директор за финансиски работи, за правни работи, развој и инвестиции во Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

*

*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од 99-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 ноември 2022 година**

**-Усвојување на Записникот од 101-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2022 година**

1. Извештај во однос на процесот за селекција и обука на кандидати за контролори на летање согласно Јавниот оглас бр. 3/2022 објавен од Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје на 28.7.2022 година

2. Информација за влошената финансиска состојба на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост- Скопје и барање помош за излез од истата, со дополнувања

3. Информација за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција и адаптација на деловен објект бр.4 во кругот на постојниот „Дом за стари лица Иван Влашки“ во Општина Берово

4. Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавна здравствена установа Центар за јавно здравје-Битола

5. Кадровски прашања

6. Прашања и предлози

7. Информација за изменување на Одлуката за основање на Туристичка развојна зона „Сарај-езеро Треска“, со Предлог- одлука

8. Информација за Предлог договорот за доделување на државна помош на Друштвото за програмирање и услуги Хај тек инженеринг центар ДООЕЛ Скопје-постапување во врска со Заклучок по точка 43 од 86-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4.10.2022 година

9. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на друг вид на минерална суровина- кварцен песок и кварцен чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги Портланд-ОПЦ ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Врпчовски“, Општина Василево, со Предлог–одлука

10. Информација за формирање на работна група за Развој на информациски систем за управување со државна помош (SAMIS)

11. Информација за Предлог-договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на внатрешни компоненти Киел Македонија ДООЕЛ Желино, со Предлог-одлука

12. Информација за подготовка на Деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, што ќе се одржи на 1 декември 2022 година

13. Информација за назначување на национален ИПА координатор (НИПАК) за спроведување на Инструментот за претпристапна помош ИПА III, со Предлог-решение

14. Информација за изменување на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година, со Предлог- програма

15. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Деведесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 ноември 2022 година и Записникот од Сто и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2022 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Извештајот во однос на процесот за селекција и обука на кандидати за контролори на летање согласно Јавниот оглас бр. 3/2022 објавен од Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје на 28.7.2022 година и притоа му укажа на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, да одржи прес/брифинг со новинарите, на кој ќе се образложи спроведената постапка во однос на процесот за селекција и обука на кандидатите за контролори на летање, како и делот во однос на определување на платите на директорот, раководството и контролорите на летање.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за влошената финансиска состојба на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје и барање помош за излез од истата, со дополнувања, ја усвои Информацијата и одобри финансиска помош од 120 милиони денари, со цел поддршка на процесот на реорганизација и реструктуирање на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост- Скопје, кои ќе се обезбедат од Буџетот на Генералниот

секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, од потпрограмата П1- мерки за справување со КОВИД-19 кризата и ќе се исплаќаат етапно, согласно потребите на Друштвото.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција и адаптација на деловен објект бр.4 во кругот на постојниот „Дом за стари лица Иван Влашки" во Општина Берово и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Даде одобрение на Министерството за труд и социјална политика врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерство за финансии, за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за групна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција и адаптација на деловен објект бр.4 во кругот на постојниот „Дом за стари лица Иван Влашки" во Општина Берово со плаќање на времени-месечни ситуации во период од две години и тоа:

-1.000.000,00 денари на сметка 637, програма 4А, расходна ставка 481 за 2022 година.

-13.165.699,40 денари на сметка 637, програма 4А, расходна ставка 481 за 2023 година.

2. Се задолжува Министерство за труд и социјална политика, да спроведе постапка за повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција и адаптација на деловен објект бр.4 во кругот на постојниот „Дом за стари лица Иван Влашки" во Општина Берово.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавна здравствена установа Центар за јавно здравје-Битола и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи согласно укажувањата иснесени во Мислењето на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 5**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 6**

**1.** Владата во врска со одржување на Билатералниот скрининг за Поглавјето 24 Правда, слобода и безбедност, во Брисел заклучи да бидат обезбедени финансиски средства за авионски превоз и хотелско сместување за:

1) Лиле Стефанова - обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за период од 20 ноември до 24 ноември 2022 година, трошоците да ги покрие Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

2) Анита Тополова-Исајловска - обвинител во Основното јавно обвинителство, за период од 20 ноември до 24 ноември 2022 година, трошоците да ги покрие Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

3) Катерина Коларевиќ - обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за период од 21 ноември до 22 ноември 2022 година, трошоците да ги покрие Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија.

4) Наташа Поп-Трајкова- обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за период од 20 ноември до 22 ноември 2022 година, трошоците да ги покрие Министерството за надворешни работи.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 3 ноември 2022 година до 9 ноември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа Барањето на Министерството за надворешни работи за дополнување на заклучоците донесени по точка 119 од 93-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 октомври 2022 година по Информацијата за активностите на Меѓуресорската работна група за организирање на Министерскиот совет на ОБСЕ во рамки на претседавањето на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2023 година, го прифати Барањето и заклучи заклучоците да се дополнат со нов заклучок бр. 9 кој гласи:

„Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и органите на државната управа, најдоцна до 7.12.2022 година, да достават до Министерството за надворешни работи список на сопствен потенцијал на возила (репрезентативни патнички автомобили-лимузини и мини комбиња), кои би можеле да бидат ставени во функција на одржувањето на Министерскиот совет на ОБСЕ во почетокот на декември 2023 година.“.

**4.** Владата се информираше со Извештајот од Министерство за економија за потрошена електрична енергија од страна на сите државни буџетски корисници, министерства и општини, за октомври 2022 година и притоа заклучи:

1) Се задолжуваат сите буџетски корисници доколку имаат забелешки по однос на податоците во Извештајот за потрошена електрична енергија од страна на сите државни буџетски корисници и министерства за октомври 2022 година, во рок од три дена да го известат Министерство за економија.

2) Се задолжува Министерство за локална самоуправа Извештајот за потрошена електрична енергија од страна на сите општини, за октомври 2022 година, да го достави до Заедница на единиците на локална самоуправа.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 3 ноември 2022 година до 9 ноември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата го разгледа Барањето за повлекување од собраниска постапка на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр. 40-12525/1 од 17 декември 2021 година и заклучи истиот да го повлече од собраниска постапка.

**7.** Владата ја донесе Одлуката за обезбедување на финансиски средства на ЈП Национална радиодифузија за 2022 година.

**8.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV 2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 3 ноември 2022 година до 9 ноември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**9.** Владата ги задолжи заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, министерот за финансии, директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, директорот на АД „Медиумската информативна агенција"- Скопје во државна сопственост и со претставник од синдикатот, да одржат работна средба, со цел да се изнајде соодветно решение за целосно финансирање на АД „Медиумската информативна агенција"-Скопје во државна сопственост.

**10.** Владата го задолжи Васко Кичевски од Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа и други надлежни институции да ја разгледа можноста инфраструктурните проекти (булеварот и мостот кај Момин Поток, кружен тек кај зградата на Нова Македонија, подземната сообраќајница кај хотел Лимак која треба да излезе кај Нова Македонија, новоизградениот мост во Општина Аеродром, кој не е пуштен во употреба заради нерешени постапки за експропријација), кои се во надлежност на Градот Скопје, на соодветен начин да ги преземе и да ги реализира Владата и за добиените сознанија да ја информира Владата на наредната седница.

**11.** Владата го задолжи Министерството за внатрешни работи, за наредната седница на Владата, да информира за можноста за одземање на веќе дадено државјанство.

**12.** Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија

**13.** По повод укажувањето на д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, за потребата за продолжување на реконструкцијата на ЈУ Универзална сала-Скопје, Владата го задолжи Министерството за култура, во соработка со Министерството за локална самоуправа да подготви и за наредната седница на Владата да достави информација со конкретно решение за преземање ингеренции, обврски и вработени на ЈУ Универзална сала-Скопје од Град Скопје, со цел продолжување на постапката за реконструкција.

**14.** Владата ги задолжи Ристо Пенов, министер за локална самоуправа и д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, во соработка со Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување договори да подготват и до Владата да

доставaт соодветен предлог за надминување на долгогодишниот проблем со финансиската ревизија и понатамошното финансирање на НУ Музеј на албанската азбука-Битола.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Одлуката за основање на Туристичка развојна зона „Сарај-езеро Треска“, со Предлог- одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на туристичка развојна зона „Сарај-езеро Треска“, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-договорот за доделување на државна помош на Друштвото за програмирање и услуги Хај тек инженеринг центар ДООЕЛ Скопје-постапување во врска со Заклучок по точка 43 од 86-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4.10.2022 година и го овласти Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции, да го потпише Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за програмирање и услуги Хај тек инженеринг центар ДООЕЛ Скопје.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на друг вид на минерална суровина- кварцен песок и кварцен чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги Портланд-ОПЦ ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Врпчовски“, Општина Василево, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на друг вид на минерална суровина- кварцен песок и кварцен чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги Портланд-ОПЦ ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Врпчовски“, Општина Василево.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на работна група за Развој на информациски систем за управување со државна помош (SAMIS) и ја усвои со следниве заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Агенцијата за млади и спорт, а им се укажува на Комисијата за заштита на конкуренцијата, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, Фондот за иновации и технолошки развој, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во рок од седум дена да доставаат номинации до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции за член и заменик-член кои ќе бидат дел од работната група за Развој на информациски систем за управување со државна помош (SAMIS).

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции во рок од два дена од доставување на номинациите да формира работна група за Развој на информациски систем за управување со државна помош (SAMIS).

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на внатрешни компоненти Киел Македонија ДООЕЛ Желино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на внатрешни компоненти Киел Македонија ДООЕЛ Желино-корисник на Технолошка индустриска развојна зона Тетово.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, што ќе се одржи на 1 декември 2022 година и ја усвои со следниве заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се назначува Ардиана Абази- Рамадани, државен советник во Министерството за економија, за копретседавач на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на Дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија на англиски јазик, веднаш по усвојувањето на истите од страна на Владата.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за надворешни работи, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Фондот за иновации и технолошки развој, да постапат по заклучоците од 93. седница на Владата, одржана на 18.10.2022 година, произлезени од 18 состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување одржан на 16.12.2021 година.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за назначување на национален ИПА координатор (НИПАК) за спроведување на Инструментот за претпристапна помош ИПА III, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за назначување на национален ИПА координатор (НИПАК) за управување со претпристапните фондови ИПА III од Европската Унија за Република Северна Македонија, со заклучок текстот на истото редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 14**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Информацијата за изменување на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година, со Предлог- програма.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:50 часот.

**Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Tahir Hani**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**